**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**845.**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за царинскиот закон, објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/09), направени се технички грешки, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА УРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН**

Во Прилогот 2, во првиот примерок, во колоната 1, наместо зборовите: „ПРИМЕРОК ЗА ИМА“ треба да стојат зборовите: „ПРИМЕРОК ЗА ИМАТЕЛОТ“, а вториот примерок треба да изостане.

Во третиот примерок во колоната 2, наместо зборовите: „ПРИМЕРОК ЗА ЦАРИН.“, треба да стојат зборовите: „ПРИМЕРОК ЗА ЦАРИН. ОРГАН“.

Бр. 19-1160/2 Од Владата на Република
9 април 2009 година Македонија
Скопје

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

**846.**

**О Б Ј А В А**

Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада, склучен на 13 февруари 2007 година во Брисел, ратификуван со Законот за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада („Службен весник на РМ“ бр. 74/07), влегува во сила на 01 јуни 2009 година.

6 април 2009 година Министер,
Скопје м-р **Антонио Милошоски,** с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**847.**

Врз основа на член 21 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07 и 159/08), министерот за животна средина и просторно планирање, во согласност со министерот за здравство, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за економија, донесе

**Н А Р Е Д Б А**
**ЗА ЗАБРАНА ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ЌЕСИ ЗА ТРАНСПОРТ НА СТОКИ ИЗРАБОТЕНИ ОД ПЛАСТИЧНИ МАСИ ВО ПРОДАВНИЦИ, МАГАЦИНИ, СКЛАДОВИ, ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ, ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ И ПОСЕБНИ ПАЗАРИ КАДЕ ШТО СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА МАЛО НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ВО ПРОДАВНИЦИ И КИОСЦИ КАДЕ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА МАЛО НА СИТНИ ПРОИЗВОДИ ЗА ЛИЧНА ПОТРОШУВАЧКА**

Член 1

Со цел да се запази јавниот интерес во управувањето со отпадот, како и заради заштита на животната средина преку намалување на создавање на отпад од ќеси изработени од пластични маси, се забранува ставање во употреба на ќеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи и во продавници и киосци каде се врши трговија на мало на ситни производи за лична потрошувачка (козметика, цигари и слично) со капацитет за носење помал од 5 килограми и дебелина помала од 21 микрони.

Член 2

По исклучок од член 1 на оваа наредба, управителите на продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи и во продавници и киосци каде се врши трговија на мало на ситни производи за лична потрошувачка (козметика, цигари и слично) може, на сметка на купувачот, да стават во употреба ќеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси кои имаат капацитет за носење поголем од 5 килограми и дебелина еднаква или поголема од 21 микрони.

По исклучок од член 1 на оваа наредба, управителите на продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи може да ставаат во употреба ќеси изработени од пластични маси кои се користат исклучиво за размерување и пакување на храна и прехранбени производи (зеленчук, овошје, месо, брашно и слични производи кои на барање на купувачот се размеруваат и пакуваат во помала количина).

Член 3

Со денот на отпочнување на примената на оваа наредба престанува да важи Наредбата за забрана за ставање во употреба на ќеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси во продавници, деловни простории и пазари каде што се врши трговија на мало на производи за храна и ситни производи за општа потрошувачка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/08).

Член 4

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01 мај 2009 година.

Бр. 07-1922/1
26 февруари 2009 година
Скопје

| | |
|---|---|
| Министер за животна средина и просторно планирање, д-р **Неџати Јакупи**, с.р. | Министер за економија, **Фатмир Бесими**, с.р. |
| Министер за здравство, д-р **Бујар Османи**, с.р. | Министер за земјоделство, шумарство и водостопнаство, **Ацо Спасеноски**, с.р. |